**ЗАПИСНИК**
***од Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија (16-та седница на Националниот совет за евроинтеграции и 44-та седница на Комисија за европски прашања) одржана на 23 јули 2013 година, сала Борис Трајковски, Собрание на Република Македонија***

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања започна во 11.10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата беа поканети и присуствуваа членови на Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет - РМ и ЕУ.

На заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања присуствуваше Н.Е. г.Аиво Орав шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија и г-ѓа Марина Курте советник за европска интеграција и правни прашања.

На седницата беа поканети и присуствуваа претставници на амбасади на земјите-членки на Европската унија во Република Македонија.

Од страна на Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска претседател на Советот, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Советот, г. Александар Спасеновски, г-ѓа Сузана Салиу, г. Хајрула Мисини, г. Антонио Милошоски и г. Кенан Хасипи пратеници и членови на Советот, г. Миле Пачемски, г-ѓа Хајрије Мисими и г-ѓа Христина Рунчева пратеници и заменици-членови на Советот, г.Живко Митревски претседател на Сојузот на синдикати на Македонија, г.Дојчин Цветановски од Конфедерација на слободни синдикати на Македонија, г.Слободан Антовски од Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија и г-ѓа Илина Нешиќ од Граѓанска платформа на Македонија.

Од страна на Комисијата за европски прашања на седницата присуствуваа: г. Хајрула Мисини претседател на Комисијата за европски прашања, г.Нeџати Јакупи, заменик претседател на Комисијата за европски прашања, г-ѓа Силвана Бонева, г. Антонио Милошоски, г.Павле Трајанов, г.Миле Пачемски, г-ѓа Владанка Авировиќ, г-ѓа Косана Мазнева-Николиќ, г-ѓа Дешира Имери, г.Јани Макрадули пратеници и членови на Комисијата за европски прашања,г.Ѓорѓи Коџобашиев, г-ѓа Христина Рунчева, г-ѓа Станка Анастасова и г-ѓа Цветанка Иванова, пратеници и заменици-членови на Комисијата за европски прашања.

На заедничката седница беше предложен и усвоен следниот:

**Дневен ред:**

1. Презентација на Програмата и приоритетите за работа на Литванското претседателство со Советот на Европската унија за периодот јули - декември 2013 година, од страна на амбасадорот на Република Литванија задолжен за Република Македонија со седиште во Будимпешта, Н.Е. г. Ренатас Јушка.

Амбасадорот Ренатас Јушка ги запозна присутните со моменталната состојба во Литванија како на политичко, така и на економско поле: одржаните избори и новиот парламентарен состав. Од негова страна беа презентирани информации за економијата на Литванија, како втора најбрзо растечка економија меѓу земјите-членки на Европската унија, во последните две години.

Во фокусот на шестмесечното претседателство на Литванија со Советот на ЕУ, ќе бидат следните три клучни приоритети: кредибилна Европа, раст на Европа и отворена Европа.

Во рамките на приоритетот *отворена Европа*, Литванското претседателство ќе преземе чекори за зајакнување на ЕУ како глобален модел на отвореност и безбедност. Претседателството ќе се фокусира на поблиска интеграција на ЕУ и нејзините источни партнери. Литванското претседателство ќе продолжи да го следи процесот на проширување на ЕУ.

Во расправата на заедничката седница учествуваа: г. Антонио Милошоски член на Советот и претседател на Комисијата за надворешна политика, г. Кенан Хасипи член на Советот и копретседател на Мешовитиот парламентарен комитет-РМ и ЕУ, г.Јани Макрадули потпретседател на Собранието на Република Македонија и член на Комисијата за европски прашања и г.Хајрула Мисини член на Советот и претседател на Комисијата за европски прашања.

Заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, заврши во 12.08 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од седницата и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни-заменици.

30 - 1006/1
18. 02. 2014

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,

Даниела Велковска